**ВАШЕТО ИМЕ ТРЕБА ДА БИДЕ ВПИШАНО НА ОВОЈ ДОКУМЕНТ**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Број: _______________ од ______ 200_ год.

Градоначалникот на Општина Крива Паланка решавајќи по барањето на ________________________________ од ______________________, поднесено под број _______________ од _______________ год., врз основа на член 51 став 2, член 52 став 8 и член 53 од Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр. 51/2005), а во врска со член 205 став 1 и член 209 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 38/2005), донесува:

## ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ

На градителот ______________________________________________________, од__________________, му се одобрува градење на ________________________ од __________ категорија, на ул. _________________________, градежна парцела бр. ___, КП бр. _____ КО ____ во ______________________________.

Одобрението за градење се издава за ___________________________. (целата, дел и делови од градбата)

**ВАШЕТО ИМЕ НЕ ТРЕБА ДА БИДЕ ВПИШАНО НА ОВОЈ ДОКУМЕНТ**

## П Р Е С У Д А

Обвинетиот **Н.Н** од татко А. мајка Б, роден 19__ година во К.П., живее на ул______бр.__, државјанин на РМ, женет, неосудуван, со завршено ВСС

## ВИНОВЕН Е

Затоа што:

Во периодот од __200_г. до ___200_ год. презел дејствија на градење на објект на КП___ за КО ___., на ул__ бр__ во ____. со изградба на ____ без одобрение за градење.

Со горното дејствие обвинетиот сторил кривично дело Бесправно градење од чл.244-а ст.1 од КЗ па судот му утврдува **КАЗНА ЗАТВОР ВО ТРАЕЊЕ ОД 3-три ГОДИНИ**

Информирајте се во општина Крива Паланка за начинот, постапката и документите потребни за добивање на одобрение за градење, почитувајте го законот и не ризикувајте рушење на нелегално изграден објект !!!



www.krivapalanka.gov.mk

- Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина
тел 031 376 480

Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура
тел 031 377 130

Одделение за инспекциски надзор
тел 031 377 130

Овластен градежен инспектор
тел 031 377 060

Општина Крива Паланка

# ГРАДИ ЛЕГАЛНО - ГРАДИ СО ОДОБРЕНИЕ

# СТОП
## за дивоградбите во Крива Паланка

www.krivapalanka.gov.mk
Април/2012 id

## *Почитувани граѓани,*

Главната цел на Законот за постапување со бесправно изградени објекти е да се стави ред и да се прекине негативната пракса за градење без одобрение за градење. Исто така се направи можност за запишување на бесправниот објект во јавната книга за запишување на правата на недвижности и вклопување на истиот во урбанистичко-планската документација.

До Општина Крива Паланка заклучно со крајниот рок за поднесување барање за легализација 3-ти Септември се поднесени повеќе од 3.600 барања на кои во моментот се работи на обработка и издавање на решенија.

За жал повторно постојат негативни примери за продолжување на старата пракса за градење без одобрение, а со тоа и кршење на законот. Бидејќи рокот за поднесувања на барања заврши и нема да има продолжување односно утврдување на нови рокови за легализација, секоја градба изградена без одобрение е диво градба, и ќе биде срушена.

Општината Крива Паланка со цел да ви олесни на Вас граѓаните, да Ве заштити од водење на прекршочни, кривични и друг вид постапки против Вас, да Ви заштеди финансиски средства, а градбите да Ви бидат во согласно Законот Ве информира со следново :

- ***Одобрение за градење*** за градби од втора категорија односно за градби од локално значење (деловни градби, станбено-деловни градби, градби за индивидуално домување, викенд куќи, куќи, и сл. градби како и доградби, надградби, реконструкции, пренамени и адаптации на постоечки објекти) издава Градоначалникот на Општината.

За добивање на одобрение за градење инвеститорот (физичко/правно лице) *поднесува писмено барање* со следната документција:

**1. извод од детален урбанистички за населено место или урбанистички план за вон населено место;**

**2. архитектонско-урбанистички проект** заверен од надлежен орган доколку со урбанистичкиот план или државната односно локалната урбанистичка планска документација е предвидена изработка на овој проект;

**3. основен проект во три примероци** со извештај за ревизија на основниот проект;

**4.** доказ за право на градење – **имотен лист;**

**5. геодетски елаборат** за нумеречки податоци за градежното земјиште.

Општината во рок од 15 дена од приемот на барањето ќе ја разгледа комплетноста на доставената документација и ќе изврши заверка на основниот проект, како и ќе достави известување до барателот со пресметка за плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште. *Одобрение за градење неможе да се издаде ако не се достави доказ за платен надоместокот.* Одобрението за градење се издава во рок од 5 работни дена од доставување на доказ за платен надоместок.

За градби наменети за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300 м2,изведувачот е должен да даде *Изјава заверена кај нотар со која ќе потврди дека објектот е изграден во согласност со одобрението за градење и основниот проект.* Без доставување на изјава објектот нема да добие одобрение за употреба.

Одобрението за градење се издава *за целата градба и на име на инвеститорот,* а може да се издаде и за дел од градбата.

За донесување на одобрението за градење надлежниот орган *во рок од три дена од денот на донесување ги известува непосредните соседи* на градежната парцела за која се донесува одоборението, за издаденото одобрние за градење и дека во рок од 15 дена од денот на издавање на одобрението за градење можат да извршат увид во документацијата. Доколку соседите не извршат увид или не поднесат жалба против одобрението за градење во рок од 15 дена од денот на изадавање, одобрението за градење станува правосилно.

*При доградба и надградба на објект се спроведува истата постапка* предвидена за добивање на одобрение за градење.

*Инвеститорот може да започне со изградба по правосилност на одобрението за градење.* Одобрението за градење престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од 2 години од денот на правосилноста на одобрението**.** Доколку градбата започнала да се гради по истекот на рокот се смета дека градењето е бесправно. Инвеститорот е должен *писмено да го пријави започнувањето на градбата* во Општината, градежната инспекција и инспекцијата на трудот**.**Инвеститорот е должен во *рок не подолг од шест години да ја изгради градбата* од денот на правосилноста на одобрението. Во текот на изградбата можат да се направат измени на градбата само во точно определени законски услови.

## ***ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ВЕ СОВЕТУВА ГРАДЕТЕ СО ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ!!!***

- *Објектите кои се градат и ќе се градат без одобрение ќе бидат веднаш отстранети,/срушени на товар на сопстствениците*
- *Избегнете ја примената на одредбите од Член 244-а од Кривичниот Законик на Р. Македонија "БЕСПРАВНО ГРАДЕЊЕ" :* Тој што гради или изведува градба или врши надзор над градба на сопствено или туѓо земјиште без одобрение за градење или спротивно на одобрението за градење издадено од надлежен орган, *ќе се казни со затвор од три до осум години*
- *Избегнете ги проблемите со градежната инспекција и водењето на прекршочни постапки*
- *Легално изградениот објект, доградбата, надградбата впишете ја во имотен лист*